1. Министерство за економија Биро за метрологија, согласно член 32 од Законот за метрологијата води Регистар во кој се врши упис на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло издадени во согласност со членот 31 од истиот закон.

Овој регистар согласно Законот за метрологијата, Бирото за метрологија нема обврска да го објави на својата веб-страница.

2. Бирото за метрологија води регистар на производители на предмети од скапоцени метали.

Овој регистар согласно Законот за контола на предметите од скапоцени метали, Бирото за метрологија нема обврска да го објави на својата веб-страница.

3. Бирото за метрологија, како Орган за одобрување согласно член 8 од Законот за изменување и дополнување на законот за возила (Сл. Весник бр.123 од 02.10.2012 година) води евиденција за издадените одобренија. За таа цел донесена е Уредба за воспоставување и начин на користење на информацискиот систем за обработка на податоците во електронски облик и електронски потпис во регистарот на типски и единечно одобрени возила системи, составни делови и самостојни технички единици и опрема за возила на Министерството за економија – Биро за метрологија (Сл. Весник бр.50 од 03.04.2012 година).

Согласно Законот за возила, Бирото за метрологија како Орган за одобрување нема обврска да ги објави податоците на својата веб-страница.

Илија Трчков ____________________

Васко Пашовски ____________________